РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ
Бр. 09-985/4
06.07.23 год.

Друштво за производство, трговија и услуги
ЕЛЕКТРО-ЛАЈТ
ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-07-123
06-07 2023 год.
Куманово

Договор за набавка и монтажа на трафостаница за пумпна станица за водоводен систем за с.Габревци - оглас број 10293/2023

Договорни страни:

1. Општина Конче, со седиште во Конче, 2424, застапувана и претставувана од Градоначалникот, Г-дин Златко Ристов (во натамошниот текст: **Нарачувач**) и

2. Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ЛАЈТ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово со адреса „Биљановска" бр. 8 Куманово (во натамошниот текст – носител на набавката) со ЕДБ МК4017004147442, застапувано од управителот Марјан Величковски.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 1

Предмет на договорот е: Набавка и монтажа на трафостаница за пумпна станица за водоводен систем за с.Габревци, во се како во предмер пресметката и понудата кои се составен дел на договорот, со средства кои се предвидени во Буџетот на општина Конче за 2023 година.
Предметот на набавка од ст. 1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација изработена од Нарачувачот, по спроведена поедноставена отворена постапка со број на одлука за јавна набавка бр.09-985/1 од 07.06.2023 год.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 2

Вкупната вредност на стоките и работите од чл. 1 на овој договор согласно понудата и предмер пресметката по позиции без ДДВ изнесува 1.173.950,00 денари со зборови (еден милион, сто седумдесет и три илјади, деветстотини и педесет денари), ДДВ-то во износ од 18% изнесува 211.311,00 денари или се вкупно **1.385.261,00** денари со пресметан ДДВ.

**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

Член 3

Плаќањето на средствата од член 2 на овој договор ќе се изврши по уредно изработени, потпишани и заверени времени и завршна ситуација, доставени во архивата на општина конче, во законски утврден рок не подолг од 60 дена.
Доколку при извршувањето на работите кои се предмет на јавната набавка се утврдат недостатоци, изведувачот е должен да ги отстрани во рок кој ќе му биде даден од инвеститорот, во спротивно инвеститорот нема обврска да ја плати доставената фактура.

**РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ**

Член 4

Изведувачот е должен сите работи предвидени во член 1 од овој договор да ги заврши во рок од 30 дена од потпишувањето на овој договор, односно од воведувањето на изведувачот во работа.

Член 5

Рокот за изведување на работите тече од воведувањето на Изведувачот во работа.
Нарачувачот ќе го воведе Изведувачот во работа во рок од 7 дена по склучувањето на овој договор.

Член 6

Ако изведувачот не ги започне работите веднаш по воведувањето во работа, нарачувачот ќе му остави дополнителен примерен рок од 7 дена за започнување на работите. Ако изведувачот ниту во рок од член 5 на овој договор не започне со изведување на работите Нарачувачот може да го раскине договорот и да бара од изведувачот надомест на штетата.

Член 7

Ако постои оправдано сомневање дека работите ќе бидат изведени во договорениот рок, Нарачувачот има право да побара од Изведувачот да превземе потребни мерки со кои се обезбедува соодветно забрзување на работите и нивно усогласување со договорениот план на изведувањето на работите.

Член 8

Изведувачот има право да побара продолжување на рокот за изведување на работите во случај во кој поради променети околности или неисполнување на обврските од Нарачувачот бил спречен да ги изведува работите.

Член 9

Продолжувањето на рокот се определува според траењето на пречката, со тоа што рокот се продолжува и за времето потребно за повторното започнување на работите и за евентуалното поместување на работите во понеповолно годишно време.

Како причини поради кои, во смисла на став 1 од овој член може да се бара продолжување на роковите, се сметаат особено:

1) Природни настани (пожар, земјотрес, поплава, исклучително лошо време невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите);
2) Мерките предвидени со акти на надлежните органи;
3) Задоцнување на воведување на Изведувачот во работата;
4) Задоцнување во испораката на опрема, ако опремата ја набавува Нарачувачот или ја испорачува лице кое го определил Нарачувачот;
5) Непредвидените работи за кои Изведувачот при склучување на договорот не знаел ниту можел да знае дека мора да се изведат

**ГАРАНТЕН ПЕРИОД**

Член 10

Изведувачот гарантира дека изведените работи во времето на примопредавањето се во согласност со договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат маани што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или новната подобност за редовна употреба, односно за употребата определена со договорот.

Член 11

Нарачувачот е должен за забележаните недостатоци да го извести Изведувачот без одлагање.

Член 12

Гарантниот рок за квалитетот на изведените работи изнесува 2 (две) години.

Член 13

Гарантниот рок започнува да тече од примопредавањето на објектот на кој се изведени работите, а ако користењето на објектот или на дел од објектот започнало пред примопредавањето-од почетокот на користењето.

Член 14

За материјалите што ги вградува Изведувачот важи, во поглед на содржината и рокот, гаранцијата од производителот на материјалите, заедно со упатствата за употреба да ги прибави и да му ги предаде на Нарачувачот.

Член 15

Изведувачот е должен на свој трошок да ги острани сите недостатоци што ќе се покажат во текот на гарантниот рок, а кои настапиле поради тоа што Изведувачот не се држел кон своите обврски во поглед на квалитетот на работите и материјалите.
Нарачувачот ќе му определи на Изведувачот примерен рок од 7 дена за отстранување на недостатокот. Нарачувачот има право и на надомест на штета по основ на став 1 и 2 од овој член.

Член 16

Ако Изведувачот не ги отстрани недостатоците во рокот што Нарачувачот ќе му го определи, Нарачувачот може да ги отстрани недостатоците на сметка на Изведувачот со што е должен да постапува како добар стопанственик.

Член 17

Изведувачот не е должен да ги отстрани оние недостатоци што настанале како последица од нестручно ракување и употреба, односно ненаменско користење на објектот или на делови од објектот.

**ДОГОВОРНА КАЗНА**

Член 18

Изведувачот ќе му плати на Нарачувачот одреден паричен износ или ке му прибави некоја материјална корист (договорна казна), ако:
-не ја исполни својата обврска , или
-задоцни со нејзиното исполнување

Член 19

Договорната казна изнесува 1‰ (1 промил) од вкупната договорена цена за работите за секој ден задоцнување, ако работите не се завршат во предвидениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на работите.

Член 20

Договорната казна се пресметува до примопредавањето на објектот, односно на дел од објектот што претставува економско техничка целина и може да се користи самостојно.
Ако Нарачувачот го започнал користењето на објектот или на дел од објектот пред примопредавањето, договорната казна се пресметува до почетокот на користењето.

Член 21

Барањето за остварување на правото на договорна казна може да се истакне најдоцна до завршетокот на конечната пресметка.

Член 22

Кога казната е договорена за случај на неисполнување на обврската, Нарачателот може да бара или исполнување на обрската или договорна казна.
Нарачателот го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.
Кога казната е договорена во случај да се задоцни со извршување на обврската, Нарачателот може да бара и исполнување на обврска и договорна казна.

Член 23

Нарачателот има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета.
Ако штетата што ја претрпел Нарачателот е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

**НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ**

Член 24

Веднаш по завршувањето на работите Изведувачот го известува Нарачувачот дека работите што се предмет на договорот се завршени.
Нарачувачот и изведувачот се должни без одлагање да пристапат кон примопредавање и конечна пресметка.

Член 25

За примопредавањето се составува записник кој ги содржи особено следните податоци:

1) Дали работите се изведени според договорот, прописите и правилата на структурата;
2) Дали квалитетот на изведените работи му одговара на договорениот квалитет, односно кои работи изведувачот треба на свој трошок да ги доработи, поправи или повторно а ги изведе и во кој рок тоа треба да го стори;
3) За кои прашања од техничка природа не е постигната согласност помеѓу овластените претставници на договарачите;
4) Датумот на завршувањето на работите и датумот на извршеното примопредавање.

Записникот за примопредавање може да го состави и само еден договарач без учество на другиот ако другиот договарач неоправдано го одбие учеството во примопредавањето или неоправдано не се јави на поканата да учествува во примопредавањето. Таквиот записник се доставува до другиот договарач. Со денот на доставувањето на записникот настануваат последиците во врска со примопредавањето.

Член 26

Ако во записникот за примопредавањето обострано се констатира дека Изведувачот треба на свој трошок да доработи, поправи или повторно да изведе одделни работи, Изведувачот е должен веднаш да пристапи кон изведување на тие работи.
Ако изведувачот не ги изведе работите од став 1 на овој член во примерениот рок, Нарачувачот може да ангажира друго лице да ги изведе врз товар на Изведувачот.

**ОДРЕДБИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 27

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или раскинување на договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.
Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во договорниот рок, другата договорна стрна мора да му остави дополнителен примерен рок за исполнување на обврските.
Ако договорната страна која не ја исплонила обврската во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.
Едната од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна дополнителен рок ако од нејзниото однесување произлегува дека таа нема да ја исполни својата обврска ниту во дополнителниот рок.

За се друго што не е предвидено во овој договор ќе се применат соодветните одредби од Законот за облигациони односи и Законот за јавни набавки.

**ОБВРСКИ НА НАРАЧУВАЧОТ**

Член 28

Нарачувачот е должен да ги отстрани сите постоечки проблеми во предвидениот рок до воведување на Изведувачот во работа со што би се овозможило несметано изведување на работите.

Член 29

Нарачувачот е должен да постапи по барањето на Изведувачот со кое се бара објаснување на недоволно јасните детали од проектната документација и во примерен рок и во писмена форма да му го даде бараното објаснување од техничката документација.

Член 30

Нарачувачот е должен пред започнување на работите да именува свој надзор на градба односно надзорен инженер, и со писмо да го извести Изведувачот за тоа.

Член 31

Нарачувачот е должен по барање на Изведувачот да обезбеди технички прием на објектот .
Во случај нарачувачот да пушти во употреба некои делови од објектот или целиот објект, пред да биде извршен технички прием ке се смета дека објектот е примен од страна на Нарачувачот.
Од денот кога ќе започне да се користи објектот од страна на нарачувачот престануваат сите обврски на Изведувачот во поглед на чување на извршените работи, а гарантниот рок почнува да се смета од денот кога е започнато ваквото користење.

Член 32

Нарачувачот се обврзува да му ја плати на Изведувачот штетата настаната со прекинување на изведбата на работите која не настанала по вина на изведувачот. Истото важи и во случај на намалување на обемот на работите за повеќе од 15% од договорената вредност.

**ОБВРСКИ НА ИЗВЕДУВАЧОТ**

Член 33

Изведувачот е должен работите од член 2 на овој договор да ги изведе на начин и во роковите што се определени со овој договор, прописите и правилата на струката.

Член 34

Изведувачот е должен навремено и детално да ја проучи проектната документација врз основа на која се изведуваат договорените работи и од Нарачувачот навремено да побара објаснение за недоволно јасните детали.

Член 35

Изведувачот е должен на градилиштето да презема мерки заради обезбедување на сигурноста на објектот и на работите, опремата, уредите и инсталациите, работниците, минувачите, сообраќајот, соседните објекти и околината.
Трошоците за спроведување на мерките од став 1 на овој член ги поднесува Изведувачот што ги презема тие мерки.

Член 36

По завршувањето на работите, односно, по раскинувањето на договорот Изведувачот е должен од градилиштето да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите

материјали, опрема и средства за работа, како и привремените објекти што ги изградил и да го исчисти објектот и градилиштето.

Трошоците настанати во врска со став 1 од овој член, извршени по завршетокот на договорените работи ги сноси Изведувачот.

Трошоците настанати во врска со работите од став 1 на овој член извршени во случај на раскинување на договорот, ги поднесува договорната страна што е одговорна за раскинување на договорот.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

Член 37

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот суд.

**ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 38

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор може да се изменат или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот договор.

Дополнувањата и измените се важечки само ако се направени во писмена форма потпишани од двете страни.

Ниту една договорна страна нема право да ги пренесе своите обврски на трета страна без взаемна писмена согласност.

Член 39

Овој договор е составен во 4 (четири ) примероци, од кои 2 (два) за договорниот орган и 2 (два) примерока за Носителот на набавката и стапува на сила од моментот на неговото склучување.

Нарачувач
Општина Конче
Градоначалник
Златко Ристов

______________________

Изведувач
ДПТУ ЕЛЕКТРО ЛАЈТ ДООЕЛ – Куманово
Одговорно лице
Марјан Величковски

______________________

Прилог:

1. Понуда по спроведена електронска аукција

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Електро лајт
КУМАНОВО

Врз основа на огласот број 10293/2023 објавен од страна на Општина Конче _, за набавка и монтажа на трафостаница за пумпна станица за водоводен систем за с.Габриевци со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ЕЛЕКТРО ЛАЈТ ДООЕЛ

I.2. Контакт информации

- Адреса: Биљановска бр.8,Куманво
- Телефон: 070 236 314_
- Факс: _____/_______________________________________________
- Е-пошта elektrolajt@gmail.com
- Лице за контакт: Марјан Величковски

I.3. Одговорно лице: Марјан Величковски

I.4. Даночен број MK4017004147442

I.5. Матичен број: 5839246

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве работи:

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

-СБТС 50 кVA со кабелски приклучок за објект

| Ред.бр. | Опис | Ед. мер | Количина | Ед. цена | Вк.цена |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 1 | **КАБЕЛСКИ ПРИКЛУЧОК** | | | | |
| 1.1 | Ископ на кабловски ров 0,4х0,9м во земја III и IV категорија со повторно засипување и набивање во слоеви и растурање на вишок на земја | m | 50 | 200 | 10000 |
| 1.2 | Набавка, транспорт и растурања на ситен песок во два слоја, секој со дебелина од 10 cm пред поставување на кабел и после поставување | $m^3$ | 4 | 1500 | 6000 |
| 1.3 | Насип на земја во слоеви со набивање и планирање на преостаната земја | $m^3$ | 14 | 400 | 5600 |
| 1.4 | Набавка, транспорт и полагање на кабел од типот 3 x NA2XS(F)2Y 1x150mm2 12/20kV | m | 70 | 900 | 63000 |
| 1.5 | Набавка, транспорт и монтажа на кабелски завршници за надворешна монтажа типот Rajhem за кабел NA2XS(F)2Y 1x150mm2 12/20kV со поврзување на поставен приклучен вертикален раставувач на ЕВН | pcs | 3 | 12000 | 36000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 1.6 | Набавка, транспорт и полагање на ГАЛ штитник | m | 50 | 20 | 1000 |
| 1.7 | Набавка, транспорт и полагање на опоменска лента во црвена боја со натпис ВНИМАНИЕ ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ | m | 50 | 15 | 750 |
| 1.8 | Набавка, транспорт и полагање на челично поцинкувана лента Fe/Zn 30x4 mm | m | 55 | 200 | 11000 |
| 1.9 | Набавка, транспорт и монтажа на вкрсна плочака лента/лента за поврзување со заземнувачот на раставувачот со лента поставена со СН кабелот и заземнувачот од заштитното заземнување | pcs | 10 | 250 | 2500 |
| 1.10 | Набавка транспорт и монтажа спуштена конзола изработена од топлопоцинкуван метал за монтажа на катодни одводници на пренапон | pcs | 1 | 2500 | 2500 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.11 | Набавка и транспорт на катоден одводник на пренапон 10 kA, 12 kV | pcs | 3 | 9000 | 27000 |
| 1.12 | Набавка и транспорт и монтажа на метален кабловски вертикален канал со капак OBO Bettermen, со конструкција и подконструкција за вертикално водење по столб на среднонапонски кабли комплет со заземјување на истиот | m | 4 | 3200 | 12800 |
| 1.13 | Набавка и транспорт и монтажа на вертикален раставувач на моќност, коплет со сите врски и изолатори спремно за работа. Според мрежни правила обврска на дистибутерот, а според договор за приклучок и енергетска согласност. | pcs | 1 | | |
| | **Вкупно 1** | | | | 178150 |
| **2** | **БСТС 10(20)/0,4kV, 250kVA** | | | | |
| 2.1 | Набавка транспорт и монтажа на армирано бетонски столб за столбна трафостаница тип Карпош 800 daN; L = 10 m; до 160 kVA | pcs | 1 | 140000 | 140000 |
| 2.2 | Ископ на јама за темел на трафостаница во земја од II,III kategorija и ров за заземнување со димензии на темелот и ровот- 1.8 x 2.6 h 1,8 m = 8,42 m³-0.4x0.8x65m+15.8m³ | m | 45.02 | 400 | 18008 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 2.3 | Изведба на бетонски темел со бетон марка МВ 20 за СБТС, со бетонирање во два дела<br>прв дел - 3,29 m3<br>втор дел - 2,60 $m^3$ | pcs | 1 | 30000 | 30000 |
| 2.4 | Насип на земја во слоеви со набивање и планирање на преостаната земја | $m^3$ | 41.73 | 400 | 16692 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.5 | Испорака и монтажа на силиконски потпорни изолатори ELKOM-NET MN.20.8.305V2 за 20 kV напон комплет со носач на потпорен изолатор NVP . | pcs | 6 | 3200 | 19200 |
| 2.6 | Набавка и транспорт на високонапонски постоља тип EVCN 24 kV комплет со осигурувачи VVC 25 A 24 kV | pcs | 3 | 14000 | 42000 |
| 2.7 | Набавка транспорт и монтажа спуштена конзола изработена од топлопоцинкуван метал за монтажа на катодни одводници на пренапон | pcs | 1 | 2500 | 2500 |
| 2.8 | Набавка и транспорт на катоден одводник на пренапон 10 kA, 12 kV | pcs | 3 | 8000 | 24000 |
| 2.9 | Набавка, транспорт и монтажа на енергетски трансформатор 10(20)/0,4 kV, 50 kVA . | pcs | 1 | 420000 | 420000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 2.10 | Набавка, транспорт и монтажа на кабелски завршници за надворешна монтажа типот Rajhem за кабел NA2XS(F)2Y 1x150mm2 12/20kV со поврзување на поставен трансформатор | pcs | 3 | 8000 | 24000 |
| 2.11 | Набавка, транспорт и монтажа на кабелски нисконапонски трафо врски со кабел P/F 95mm ² | m | 32 | 1200 | 38400 |
| 2.12 | Набавка и транспорт и монтажа на нисконапонски ормар на трафо столбот за директно мерење на дистрибутерот, во него се вградува броило кое се испорачува и вградува од дистрибутерот | pcs | 1 | 0 | 0 |
| 2.13 | Набавка и транспорт и монтажа на нисконапонски ормар за СТС 50kVA поставен на конзола од трафо столбот со шест нисконапонски изводи од 1250А и опрема според еднополна шема | pcs | 1 | 80000 | 80000 |
| | - Трополен прекинувач 100А пар.1 | | | | |
| | - Топлив осигурач 25/16А пар.3 | | | | |
| | - Обичен прекинувач во ОГ изведба, 250V; пар.2 | | | | |
| | - Косо грло Е27 заедно со светилка со жарно влакно 25W пар.1 | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - Шуко приклучница ОГ - изведба пар.1 | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - Волтметар за директно мерење на напон 0,4kV, со скала од 0 до 500V тип FQ 0207 - Iskra пар.1 | | | | |
| | - Волтметарска преклопка за мерење на три фазни и меѓу фазни напони 250V, 16A tip GS16-60-U-R110 пар.1 | | | | |
| | - Топлив осигурач 25/6А пар.3 | | | | |
| | - Струен мерен трансформатор 1000/5А | | | | |
| | - Амперметар за индеректно мерење на струја со мерно подрачје 100А тип FQ 0207 – "Iskra" | | | | |
| | - Основи трополни летви за високоучински осигурачи125А пар.3 | | | | |
| 2.14 | Набавка и транспорт и монтажа на метален кабловски вертикален канал со капак OBO Bettermen, со конструкција и подконструкција за вертикално водење по столб на среднонапонски и нисконапонски кабли комплет со заземјување на истиот | m | 7 | 1500 | 10500 |
| 2.15 | Изработка на заштитно заземнување околу столбот на трафостаница со три концентрични прстени со лента 40х4мм поставена во предходно ископан ров | m | 80 | 200 | 16000 |
| 2.16 | Изработка на работно заземнување со лента 40х4мм поставена во предходно ископан ров и поврзана на предходно набиени поцинкувани сонди | m | 150 | 200 | 30000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.17 | Испорака на материјал и набивање во предходно ископан ров на поцинкувани сонди Ф2,5" | pcs | 3 | 1500 | 4500 |
| 2.18 | Набавка, транспорт и положување во веќе ископан ров на изолиран проводник за оделување на работно заземнување од заштитно тип NYY 1x50mm² | m | 30 | 800 | 24000 |
| 2.19 | Набака, транспорт и изработка врски за заземјување на сите елементи на БСТС со кабел од типот P/f 50 mm2 | pcs | 1 | 10000 | 10000 |
| 2.20 | Мерење и издавање на потврда (атест) за вредност на отпор на распростирање на заземнувачите | pcs | 2 | 23000 | 46000 |
| | | | | | 995800 |
| | | | | | |
| | **Вкупно 1 и 2** | | | | 1173950 |
| | **ДДВ 18%** | | | | 211311 |
| | **СЕ ВКУПНО СО ДДВ 18% (денари)** | | | | 1385261 |

III.1. Вкупната цена на нашата понуда вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:1173950,00_*[еденмилионстоседумдесеттриилјадидеветстотинпедесетден]* [со букви] денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува _211311,00

III.2. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум                                   Одговорно лице*

__19.06.2023.Куманово_                                   ______________________________

(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице